РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02-470/3
31.10. 2023 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак / Shenja Arkivore 0201
Рок на чување / Afati i ruajtjes Трајно
31.10.23 г./v.
Потпис/Nënshkrim

Врз основа на член 87 став 1 и член 88 од Законот за Општа Управна Постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124 од 23.07.2015 година), врз основа на член 94 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018), како и во согласност со член 14 од Правилникот за обезбедување квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга, Членовите на Универзитетскиот Сенат, на седницата одржана на **31.10.2023** година, ја донесоа следната:

# ОДЛУКА

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**за формирање на Совет за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга**

1. За членови на Советот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга (во натамошниот текст: МУС)се именуваат:
   - проф. д-р Назмије Мерко Забзун
   - доц. д-р Гузимтар Рушани
   - доц. д-р Сенада Љачка
   - м-р Фатљум Баута
   - м-р Семра Бујари
   - м-р Дјелза Лена – административна служба
   - Анди Арифи – студент

2. Мандатот на членовите на Советот трае три години со право на повторен избор, освен за членот избран од редот на студентите, на кого мандатот му трае две години. Членовите на Советот избираат претседател на Советот од редот на наставниците со мандат од три години со право на повторен избор. За работата на претседателот и членовите на Советот за квалитет им следува соодветен надоместок, согласно со актите на Универзитетот, ако има обезбедено средства за таа намена.

3. Надлежности на Советот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга:
   - изготвува и му предлага на Универзитетскиот Сенат, донесување на Стратегија за обезбедување на квалитет и ја следи нејзината имплементација;
   - му предлага на Сенатот донесување на Акциски план за обезбедување на квалитет на Универзитетот, насоки за негово спроведување, дополнителни индикатори за квалитет и план за следење на реализацијата и континуирано унапредување;
   - му предлага на Сенатот, Годишен план на активности за обезбедување на квалитет и подготвува Годишен извештај за неговата реализација на ниво на Универзитет;
   - ги разгледува и анализира резултатите и препораките од Извештајот на Комисијата за самоевалуација;
   - предлага конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста на Универзитетот и ја следи нивната реализација;

- подготвува предлози за подобрување на стандардите, индикаторите и процедурите утврдени од Националниот совет за високо образование;

- донесува Деловник за својата работа и

- врши други работи утврдени со Правилникот за обезбедување на квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга или со друг акт на Универзитетот.

4. Советот за квалитет на МУС во својата работа го применува Правилникот за обезбедување на квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга, Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Меѓународниот Универзитет во Струга, Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација донесен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност (Службен весник на република Северна Македонија бр. 153/2022) и други релеватни акти.

5. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на донесување на истата, до Сенатот на Универзитетот.

**Струга, 31.10.2023**

**Претседател на Сенат**

**Проф. д-р Билјана Цигловска Бојчевска**